ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
Ко бр. 387/11
18.10.2011 год.

Р.

Врз основа на чл. 144 ст.1 од ЗКП, донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТФРЛА кривичната пријава поднесена од СВР Штип на ден 03.10.2011 година против Мустафов Бурхан од Штип, за кривично дело Грабнување од чл. 141 ст.1 од КЗ, затоа што пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 03.10.2011 година до Основно јавно обвинителство Штип од СВР Штип е поднесена кривична пријава против Мустафов Бурхан од Штип, за кривично дело Грабнување од чл. 141 ст.1 од КЗ.

Во кривичната пријава се наведува дека на ден 02.05.2011 година околу 15,30 часот пријавениот Бурхан со намера да ја присили да му стане сопруга извршил гранување на оштетената Демирова Фејзие, на начин што додека истата со нејзината сестра Ајџан Рашидова се движеле по ул.„Сутлак “ во близина на ЈП „Македонски шуми “ во Штип се приближил до неа, ја фатил за рака ударајќи и неколку шлаканици и влечејќи ја за косата ја одвлекол по патот преку шумата во правец кон зградата на УГД „Гоце Делчев“ Штип.

Од кривичната пријава , прилозите кон истата – поточно од прибавените известувања од оштетената Фејзие Демирова неспорно се утврди дека критичниот ден додека истата шетала со нејзината полусестра Ајџан во м.в. „Суитлак“ во близина на зградата на ЈП „Македонски шуми “ каде истата била пресретната од пријавениот Бурхан, кој ја повикал на страна и и предложил да оди со него за да потоа заедно продолжат да живеат, на што оштетената се согласила, а на најезината малолетна полусестра и рекла да си оди дома., а таа со Бурхан се качиле во такси возило и заминале во Радовиш. Од прибавените известувања од оштетената неспорно се утврди дека истата во ниеден момент не била присилувана да стори или да трпи нешто од пријавениот Бурхан.

Кривичното дело Грабнување од чл. 141 ст.2 од КЗ го врши тој што ќе изврши грабнување на малолетно лице со намера него или некој друг да го присили да стори , да не стори или да трпи нешто. Во конкретниот случај пријавениот Бурхан воопшто не употребил присилба спрема оштетената , туку истата самоволно заминала со пријавениот , а истиот ниту неа ниту пак некој друг рисилувал да стори , да не стори или да трпи нешто.

Од напред наведеното неспорно се утврди дека во ваквите дејствија на пријавениот Бурхан не се содржани елементите на кривично дело Грабнување од чл. 141 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ, ниту на друго кривично

Сх8 2 решени
18.10.11